***ВИШ УПРАВЕН СУД***

***СКОПЈЕ***

# ***БИЛТЕН***

***Бр.9***




***СКОПЈЕ***

***Декември 2015 година***

**ИЗДАВАЧ:**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**

| | |
|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ:**<br>ЛИДИЈА ИВАНОВСКА | Претседател на Виш управен суд |
| **ЧЛЕНОВИ:** | |
| Судија Анита Данилова | Претседател на I – специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Владанка Панчурова Сулејманова | Претседател на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Виолета Илиевска | Претседател на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Лидија Георгиевска | Член на I – специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Светлана Костова | Член на I – специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права |
| Судија Дијана Димитрова | Член на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Фани Илиевска | Член на II – специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права |
| Судија Мирјана Василевска | Член на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |
| Судија Загорка Тноковска | Член на III – специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права |

**Судски соработник**
**Верица Гавровска- Петровска**

**КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА** Љупка Илиеска

**На ден 03.11.2015 година, судиите одржаа седница,на која согласно член 72 од Судскиот деловник, донесоа и усвоија сентенци:**

**С О Д Р Ж И Н А**

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за имотно – правна област и други права** ------------------------------------------------------------------------ **4**

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права** ---------------------------- **11**

**С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права** ----------------------------------------------------- **13**

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

**I - УЖ-1 бр.388/2015**

Претседател на совет судија Анита Данилова

**Управниот суд правилно утврдил дека поднесеното барање за денационализација е нецелосно, односно во истото не е наведено за кој недвижен имот се однесува барањето за денационализација, потоа дека не е јасно по кој основ се бара денационализацијата и не е со сигурност утврдено недвижноста која е предмет на денационализација, односно не е извршена идентификација на истата.**

Управниот суд со Пресуда, тужбата на тужителот Државен правобранител за подрачје Скопје, ја уважил и оспореното Решение на Министерот за финансии, Комисија за одлучување по барањата за денационализација за Општина Центар-Скопје, Гази Баба-Скопје и Карпош-Скопје, го поништил.

Против пресудата на Управниот суд, жалба изјавија заинтересираните лица во која наведоа дека при донесувањето на пресудата Управниот суд сторил суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право. Предложија жалбата да се уважи, а пресудата на Управниот суд да се преиначи така што тужбата на тужителите ќе се уважи.

Вишиот управен суд, најде дека Министерот за финансии, преку Комисија за одлучување по барањата за денационализација за Општина Центар-Скопје, Гази Баба-Скопје и Карпош-Скопје, со седиште во Општина Центар-Скопје донел Решение, кое барањето за денационализација го уважил и вратил во сопственост на барателот недвижности подробно опишани во самото решение и определил надомест на барателот во вредност од 3.611.197,00 денари, за остатокот на имотот кој не може да биде предмет на реално враќање во површина од 12.783 м2.

Управниот суд, постапувајќи по тужба на Државниот правобранител за подрачје Скопје, против напред наведеното решение, донел пресуда со која тужбата ја уважил и оспореното решение го поништил.

Управниот суд вака одлучил бидејќи утврдил дека органот во управната постапка нецелосно ја утврдил фактичката состојба и неправилно го применил материјалното право, односно Законот за денационализација. Вишиот управен суд најде дека во конкретниот случај не се основани жалбените наводи на жалителите, правни наследници на барателот за денационализација дека при донесувањето на пресудата, Управниот суд неправилно и нецелосно ја утврдил фактичката состојба и погрешно го применил материјалното право. Имено, согласно член 9 од Законот за општата управна постапка, предвидено е дека во управната постапка мора да се утврди фактичката состојба на работите и за таа цел мора да се утврдат сите факти што се од важност за донесување на

законито и правилно решение.

Согласно член 1 од Законот за денационализација, со овој закон се определуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата. Согласно член 2 од законот, се враќа имот, односно се дава надомест за имот на физички лица и на верски храмови, манастири, вакафи, одземени од 2 август 1944 година, врз основа на прописите со кои е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста, врз основа на прописите за одземање на имот, заради остварување на општо-корисни цели, како и имот експроприран заради остварување на општо-корисни цели, односно општ интерес, ако не се исполнети условите за враќање на имотот според одредбите за експропријација и без правна основа. Согласно член 8 од истиот закон, предмет на денационализација, не е одземен имот за кој е платен, односно даден надомест, ако одземениот имот за кој е даден надомест постои, имотот може да се врати при што барателот е должен да врати надомест во износ, на начин и постапка утврдени со прописот на Владата на Република Македонија, согласно член 37 од законот. Согласно член 16 од истиот закон, во постапка за денационализација се применуваат одредбите на Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е определено.

Управниот суд правилно утврдил дека тужениот орган донел незаоконито решение и притоа не ја утврдил целосно фактичката состојба, што довело до погрешна примена на материјалното право. Управниот суд правилно утврдил дека поднесеното барање за денационализација е нецелосно, односно во истото не е наведено за кој недвижен имот се однесува барањето за денационализација, потоа дека не е јасно по кој основ се бара денационализацијата и не е со сигурност утврдено недвижноста која е предмет на денационализација, односно не е извршена идентификација на истата.

**II - Уж-1.бр.543-2014**

Судија Лидија Георгиевска

**Неопходност за произнесување на тужител во случај кога е поднесена тужба за управен спор пред Управен суд, а е донесен дополнителен управен акт. Суд не може да ја запре постапката со одлука, без да се произнесе тужителот дали е задоволен со дополнително донесениот управен акт или останува при наводите на тужбата и дали тужбата ја проширува и врз новиот акт.**

Управниот суд со Решение ја запрел постапката по тужбата на тужителот, изјавена против Решението на Владата на Република Македонија-Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализацијацијата. Против решението на Управниот суд, жалба изјави тужителот поради суштествени повреди на правилата на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право, со

предлог жалбата да се уважи, побиваното решение да се укине и да се врати предметот на повторно постапување и одлучување.

Жалбата е основана.

Во конкретниов случај тужителот до Управниот суд поднел тужба против Решението на Владата на Република Македонија-Комисија за решавање во управна постапка во втор степен од областа на денационализацијацијата. Во тужбата пред Управниот суд, тужителот навел дека со жалбата изјавена пред второстепениот орган, истиот оспорил само дел од првостепеното решение за денационализација, додека со останатиот дел од решението бил задоволен. Управниот суд постапувајќи по тужбата со Допис од 20.05.2010 година, побарал од тужителот да го извести дали првостепениот орган постапил по напатствијата содржани во решението на тужениот орган, односно дали има ново решение и доколу е донесено да му достави на судот примерок од истото. Тужителот со Допис од 08.06.2010година го известил Управниот суд дека во повторната постапка е донесено ново Решение Дн.бр.25-08-250/3 од 31.07.2009година, со кое е одлучено по барањето за денационализација, како и дека по истото е поднесена жалба од страна на Државното правобранителство на Република Македонија. Воедно, во прилог доставил примерок од првостепеното решение. Постапувајќи по тужбата, Управниот суд со побиваното решение ја запрел постапката, при што се повикал на член 28, став 1 од Законот за управните спорови.

Вишиот управен суд одлучувајќи по жалбата на тужителот најде дека со оспореното решение се сторени суштествени повреди на правилата на постапката, што истото го прави незаконито.

Согласно член 28 од Законот за управните спорови, („Службен весник на Република Македонија“ број 26/2006 и 150/2010), ако органот за време на судската постапка донесе друг акт со кој се менува или се става вон сила управниот акт против кого е поведен управен спор, како и кога во случајот од членот 22 на овој закон, дополнително ќе донесе управен акт, тој орган, покрај тужителот, едновремено ќе го извести и судот пред кој е поведен спорот. Судот во тој случај ќе го повика тужителот во рок од 15 дена да изјави дали со дополнително донесениот акт е задоволен или останува при тужбата и во кој обем, односно дали тужбата ја проширува и врз новиот акт. Согласно ставот 2 од истиот член, ако тужителот изјави дека со дополнително донесениот акт е задоволен или ако не даде изјава во рокот од ставот 1 на овој член, судот ќе донесе решение за запирање на постапката. Согласно ставот 3 од истиот член, ако тужителот изјави дека не е задоволен со новиот акт, судот ќе ја продолжи постапката.

Согласно член 42-г став 1 точка 11 од истиот закон, суштествена повреда на одредбите на постапката постои, ако судот во текот на постапката не применил или неправилно применил одредба од овој или друг закон, а тоа влијаело или можело да влијае врз донесување на законита и правилна одлука. Согласни став 2, точка 11 од истиот член, суштествена повреда на одредбите од постапката секогаш постои, ако: одлуката има недостатоци поради кои не може да се испита, а особено ако изреката на одлуката е

неразбирлива, ако противречи сама на себеси или на причините за одлуката, или ако одлуката воопшто нема причини или во неа не се наведени причините за решителните факти или тие причини се нејасни или противречни, или ако за решителните факти постои противречност меѓу она што е во причините на одлуката се наведува за содржината на исправите или записникот за исказите дадени во постапката и самите тие исправи или записникот.

Вишиот управен суд најде дека погоре цитираната законска одредба упатува на дејствијата што судот ги презема пред да започне со оценувањето на законитоста на управниот акт. Суштината на цитираната одредба, е да се повика тужителот да се произнесе дали неговото тужбено барање го насочува кон ново донесениот управен акт. Наспроти тоа, Управниот суд иако се повикал на цитираната одредба, постапил спротивно на неа, односно побарал од тужителот да го извести дали е донесен нов управен акт, но не побарал истиот да се признесе дали е задоволен од него или останува кон веќе поднесената тужба. Ваквото постапување и одлучување на судот е контрадикторно на законските одредби, што ја прави побиваната одлука незаконита, па затоа истата се укина и предметот се врати пред Управен суд на негово постапување.

**III – УЖ-1 бр.394/2015**

судија Светлана Костова

**Не се исполнети услови за примена на одредбата од член 40 од Законот за управните спорови, од страна на Управниот суд мериторно да се одлучи по барањето за денационализација, без одржување на јавна расправа, во услови кога податоците на постапката не даваат сигурна основа судот со пресуда самиот да ја реши правната работа и да се стави на местото на тужениот орган, приота не прифаќајќи го решението донесено во вонпроцесна постапка во смисла на одредбата од член 11-а од Законот за денационализација, кој за тужениот орган е задолжително.**

Управниот суд со Пресуда ја уважил тужбата на тужителот, го поништил Решението на Министерот за финансии преку Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините Центар-Скопје и Гази Баба-Скопје со седиште во Општина Центар- и одлучил да го одбие како неосновано Барањето за денационализација поднесено од барател, за недвижен имот што претставува 1/2 идеален дел од КП.бр.155 КО Маџари со површина од 9.551 м2 одземен во корист на државата од поранешниот сопственик со Решение на Собранието на општина Саат Кула Скопје.

Против пресудата на Управниот суд, жалба поднесоа законски наследници на тужителот, по правото на денационализација огласени со Решение на Нотар Слободан Поповски од Скопје, поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и на Вишиот управен суд му предлагаат да ја укине пресудата на Управниот суд и предметот да го врати на повторно одлучување со упатство за натамошно постапување.

Вишиот управен суд од увидот во списите на предметот утврди дека на ден 01.10.2002 година барателот поднел Барање за денационализација за недвижен имот КП.бр.155/2 со површина од 4000 м2, 1/2 од КП.бр.155 КО Маџари во површина од 9551 м2 и 1/2 од КП.бр.155 КО Маџари во површина од 3.189 м2, одземени со Решение на Собранието на Општина Кале Скопје, Решение на Собрание на Општина Саат Кула (за измена и дополнување на Решението од 1963 година) и Решение на Собрание на Општина Саат Кула (за измена на решението од 1963 година) од претходникот. Со Решение на Општинскиот суд Скопје 2 Скопје и Решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје, барателот бил прогласен за наследник на правото на денационализација.

Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините Центар-Скопје и Гази Баба-Скопје со седиште во Општина Центар-Скопје со Заклучок одлучил да ги раздвои постапките по предметното барање и да одлучува за секој акт за одземање поединечно. Со Решение што е предмет на овој управен спор, органот делумно го уважил барањето за денационализација и за недвижниот имот што претставува 1/2 идеален дел на КП.бр.155 КО Маџари во површина од 9.551 м2 одземен во корист на државата од поранешниот сопственик со Решение од 1965 година на Собранието на Општина Саат Кула, на барателот му определил надомест во вкупен износ од 1.695.600,00 денари за дел од недвижниот имот на наведената парцела во површина од 1.884 м2. Вака одлучил органот откако од приложените и по службена должност прибавените докази и тоа Решение од 1965 година на Собрание на Општина Саат Кула (за измена и дополнување на решението од 1963 година), Уверение за редослед на извршени промени во катастарската евиденција за КП.бр.155 КО Маџари на Републичката геодетска управа – Одделение за премер и катастар Скопје, Извод од план на Општина Гази Баба Скопје Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, Записник за увид на лице место на Комисијата за утврдување на функционалност на градежно неизградено земјиште и идентификација со скица од извршен увид на лице место на ден 31.10.2008 година, утврдил дека од претходникот на барателот е одземен недвижен имот што претставува 1/2 идеален дел од КП.бр.155 КО Маџари во површина од 9.551м2, дека на лице место предметниот имот претставува во дел изградено земјиште, а во дел неизградено земјиште сега дел од КП.бр.155/1 КО Маџари евидентирано на име Република Македонија и Темелковски Богдан со површина од 61.166 м2, а во изградениот дел било зафатено со индивидуални станбени објекти со нивни дворни места, дел со тротоар со колективни станбени згради со простор за комуникација пред и околу нив и дел празен неуреден простор, кој во дел е заграден со тараби и жица од кое во дел се користи како дворно место. Со оглед на тоа дека во однос на неизградениот дел кој претставувал празен простор според Изводот од план издаден од Општина Гази Баба била предвидена изградба на сообраќајница и паркинг простор, органот утврдил дека истото земјиште не може да биде предмет на реално враќање па на барателот за површината од 1.884 м2, па му определил износ од 1.695.600,00 денари согласно член 37 и 38 од Законот за денационализација и член 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот што е предмет на денационализацијата притоа имајќи во предвид дека за останатиот дел од земјиштето во површина од 2.891 м2 било одлучувано во другите решенија за денационализација.

Против наведеното решение на тужениот орган, тужителот поднел тужба до Управниот суд кој со Пресуда ја уважил тужбата на тужителот и го поништил Решението на Министерот за финансии-Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за општините Центар-Скопје и Гази Баба-Скопје со седиште во Општина Центар-Скопје и одлучил да го одбие како неосновано барањето за денационализација на тужителот. Во образложението на пресудата, Управниот суд навел дека со оглед на тоа што барателот бил огласен за наследник на право на денационализација на имотот на лицето П. М.Ј. врз основа на договор за доживотна издршка, склучен во 1965 година, заверен пред Општинскиот суд Скопје 2 Скопје и тоа како евентуални дополнителни надоместоци за евентуално одземено земјиште судот сметал дека во конкретниот случај барателот не ги исполнувал условите од член 13 од Законот за денационализација, бидејќи истиот не е законски наследник на неговиот претходник, а договорот за доживотна издршка, не претставува договор за наследување, туку е товарен договор.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита. Овој суд смета смета дека Управниот суд при донесувањето на обжалената пресуда направил суштествена повреда на одредбите на постапката од член 42-г став 2 точка 7 од Законот за управните спорови, бидејќи судот донел одлука без јавна усна расправа, а бил должен да ја одржи истата согласно со членот 30-а став 2 алинеја 4 од истиот закон, од причина што одлучувал согласно член 40 од Законот за управните спорови, а од друга страна, погрешно била применета и одредбата од член 40 од Законот за управните спорови од причина што податоците во постапката не давале сигурна основа судот со пресудата да ја реши и самата управна работа. Согласно член 30-а став 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2006 и 150/2010) судот ќе одржи јавна усна расправа и со пресуда ќе одлучи за самата управна работа ако: сложеноста на предметот во управниот спор тоа го налага, тоа е неопходно заради подобро разјаснување на управната работа или утврдување на фактичката состојба, судот изведува докази и во случаите утврдени во членовите 22 и 36 став 3 и 40 од овој закон. Согласно член 1 од Законот за денационализација („Службен весник на Република Македонија“ број 20/98, 31/200, 42/2003 и 44/2007) со овој закон се определуваат условите и постапката за враќање на имотот и видот, условите и постапката за давање надомест за имот одземен во корист на државата. Според член 1-а став 1 од истиот закон, се враќа имотот, односно се дава надомест за имот на физички лица и на верски храмови, манастири и вакафи одземени од 2 август 1944 година врз основа на прописите со кои е вршено општо одземање и ограничување на сопственоста, врз основа на прописите за одземање на имот заради остварување општокорисни цели, како и имот експроприран заради остварување на општокорисни цели, односно општ интерес, ако не се исполнети условите за враќање на имотот според одредбите за експропријација и без правна основа.

Во член 11 став 1 од истиот закон, е предвидено дека право да поднесе барања за денационализација има поранешниот сопственик, односно лицата кои се негови наследници, според прописите за наследување (барател) Согласно став 2 од истиот член барател во смисла на став 1 од овој член е лице кое на денот на влегувањето во сила на овој закон е државјанин на Република Македонија. Согласно член 11-а став 1 од истиот закон барателите

од член 11 на овој закон имаат право да поднесат барање за прогласување на наследници на правото за денационализација на имотот одземен од нивните претходници кои според одредбите на овој закон се враќа или за кој се дава надомест. Според став 2 од истиот член кон барањето од став 1 на овој член се приложува актот за одземање на имотот од поранешниот сопственик како и извод од матичната книга на умрените за поранешниот сопственик, односно правосилно решение за прогласување на наследници ако такво решение било донесено порано, кои се доставуваат во оригинал или во службено заверен препис. Согласно став 3 од истиот член прогласувањето на наследниците и утврдувањето на нивните наследнички делови на правото за денационализација како и на другите права и обврски кои за барателите на денационализацијата произлегуваат од одредбите на овој закон, се врши според прописите за наследувањето. Прогласувањето на наследниците се врши врз основа на актот за одземање од став 2 на овој член. Пред донесувањето на решението за прогласување на наследници сообразно се применува одредбата од член 52 став 1 точки 1 до 3 и 6 до 8 на овој закон, а постапката за прогласување на наследниците се спроведува според прописите на вонпарничната постапка. Според член 13 став 2 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/2006, 35/2008 и 150/2010) правосилната судска одлука има неприкосновено правно дејство. Согласно став 3 од истиот член судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон.

Во конкретниот случај Управниот суд во услови кога согласно одредбата од член 11-а од Законот за денационализација прогласувањето на законските наследници на правото на денационализација се врши во вонпарнична постапка според прописите за наследување и во состојба кога од страна на надлежен суд, односно со Решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје, барателот бил прогласен за наследник на правото на денационализација, која судска одлука е правосилна и има неприкосновено дејство согласно одредбата од член 13 став 2 од Законот за судовите, односно истата може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон според одредбата од став 3 на истиот член, тужениот орган правилно постапувал согласно решението на Основниот суд Скопје 2 кое за него било задолжително и го прифатил барателот како наследник по право за денационализација и со оспореното решение одлучувал за неговото барање, бидејќи биле исполнети процесните претпоставки ова лице да се јави како барател согласно одредбата од член 11-а од Законот за денационализација. Во оваа смисла Управниот суд не можел применувајќи ја одредбата од член 40 од Законот за управните и одлучувајќи на место на тужениот орган да го одбие барањето на барателот за денационализација не прифаќајќи го решението донесено во вонпроцесна постапка која и за тужениот орган било задолжително.

Од овие причини, Вишиот управен суд најде дека обжалената пресуда на Управниот суд треба да се укине поради суштествена повреда на одребите на постапката од член 42-г став 2 точка 7 од Законот за управните спорови и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување пред Управниот суд.

**IV- УЖ-2 бр.415/2015**

Претседател на совет судија Владанка Панчуровска Сулејманова

**Правата од социјална парична помош, не може да престанат со донесување ново Решение од првостепен орган ретроактивно.**

Управниот суд со Пресуда, ја уважил тужбата на тужителот и го поништил Решението на Министерот за труд и социјална политика, донесено на ден 03.02.2014 година, со кое е одбиена како неоснована жалбата на тужителот изјавена против решението на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа бр. 3235-УП1-481/3 од 31.12.2013 година.

Првостепениот орган со Решение од 31.12.2013 година, решавајќи по службена должност за остварување на правото на социјална парична помош, истото му го одбил, кое било поднесено на ден 13.03.2013 година. Потоа, е донесено Решение Уп. бр. 3325/4781 од 17.07.2013 година, со кое е огласено за ништовно Решението бр. 3325-1564/2 од 28.04.2012 година со образложение да тужителот земал неосновано исплата во износ од 9.750,00 денари за периодот од 23.11.2010 година до 01.04.2011 година.

Овој суд, утврди дека е правилна одлуката на Управниот суд, од причини што видно од списите да тужителот бил корисник на социјална парична помош, кое право му е признато со решение Р.бр.2575-7/00-3325/2 од 16.02.2011 година, каде што во изреката на ова Решение под точка 7 бил задолжен како носител на правото да во рок од 15 дена поднесе пријава до првостепен орган за секоја промена која би влијаела за остварување и користење на правото. Постапувајќи по барањето е донесено Решението на ден 31.12.2013 година, решавајќи по службена должност и му е одбиено барањето на тужителот за остварување право на социјална парична помош со образложение дека бил вработен и користел неосновано средства од социјална парична помош. Правилно нашол Управниот суд дека е погрешно применето материјалното право кога на тужителот не му признале право според поднесено барање на ден 13.03.2013 година, од причини што првостепеното решение Р.бр. 2575-7/00-3325/2 е донесено на ден 16.02.2011 година. Органите, требаат со сигурност да го утврдат денот кога точно престанало правото на социјална парична помош на тужутелот и притоа да се има во предвид фактот дека правата остварени од социјална парична помош неможе да престанат ретроактивно, како и да се утврди фактот дали тужителот има остварено други приходи во 2013 година, а пред се да се има во предвид фактот дека барањето на тужителот за оставрување право на социјална парична помош е поднесено на ден 13.03.2013 година.

Согласно член 53 став 1 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РМ бр. 79/09, 36/11, 51/13) право на социјална парична помош не може да оствари, односно му престанува правото на лицето или домаќинството кое дало нецелосни или невистинити податоци за семејната, материјалната состојба и состојбата со имотот и имотните права. Ако носителот на правото даде невистинити или нецелосни податоци, односно не

извести за настанатата промена во материјалната, семејната и имотната состојба за себе и членовите на домаќинството, правото на социјална парична помош престанува и не може да се оствари во наредните 12 месеца.

Вишиот управен суд оцени дека во конкретниот случај органите во постапката неправилно постапиле кога со првостепеното решение, го огласиле во целост за ништовно решението бр.3325-1564/2 од 28.04.2011 година, ако се има во вид дека со ова решение веќе е прекратено правото на користење на социјална парична помош. Дотолку повеќе што по повтореното барање од 13.03.013 година поднесено од страна на Мустафа Мемеди од Скопје првостепениот орган со решение од 17.07.2013 година, во образложението на истото наведува дека со решение од 17.08.2013 година, бил задолжен да ги врати неосновано примените средства од 23.11.2010 година до 01.04.2011 година во износ од 9.740,00 денари.

**V- УПРЖ.бр.668/2015**

Судија Фани Илиевска

**Кога глобата одредена во поканата за плаќање на глоба е платена во целост, нема основ за поднесување на барање за поведување и водење на прекршочна постапка од страна на прекршочниот орган.**

1.Прекршочна постапка може да се поведе и води само доколку сторителот не ја прифатил постапката за порамнување и во определениот рок не се ослободил од обврската за плаќање на глобата користејќи ја поволноста да плати половина од глобата, но истата не може да се поведе и води доколку сторителот во целост ја платил глобата определена со поканата за плаќање на глоба, без оглед на тоа дали ја платил во определениот рок или со задоцнување, но пред поднесувањето на барањето за поведување на прекршочна постапка.

При извршена даночна контрола кај даночниот обврзник на ден 21.01.2013 година, било констатирано дека истиот не поседува фискален апарат, со што сторил прекршок по член 2 став 1, а казнив по член 21 б став 1 точка 2 и став 2 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања. Од тие причини на сторителите –правното и одговорното лице им биле издадени покани за плаќање на глоби и тоа за правното лице 2500 евра во денарска противвредност и на одговорното лице во правното лице 750 евра во денарска противвредност. Сторителите во определениот рок не ја платиле глобата, поради што било поднесено барање за поведување на прекршочна постапка, по кое е донесено оспореното решение.

Со оспореното решение сторителите биле огласени за одговорни за сторен прекршок по член 2 став 1, а казнив по член 21 б став 1 точка 2 и став 2 од Законот за регистрирање на готовинските плаќања поради што на правното лице му била изречена глоба во износ од 835 евра во денарска противвредност од 51.352,00 денари, а на одговорното лице во правното лице

глоба во износ од 250 евра во денарска противвреност од 15.375,00 денари, затоа што

Управниот суд со Пресуда ја одбил како неоснована тужбата на тужителите против Решението на Министерството за финансии Управа за јавни приходи Комисија за прекршоци формирана за подрачјето на Управата за јавни приходи Регионална дирекција Скопје .

Жалбата е основана.

Од списите по предметот произлегува дека Управниот суд оценил дека органите при одлучувањето правилно постапиле кога на сторителите им поднеле барање за поведување на прекршочна постапка, иако било неспорно дека тие во целост ја платиле глобата определена во поканата за плаќање, бидејќи тоа не го сториле во определениот рок наведен во поканата.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита.

Видно од списите по предметот тужителите на ден 10.05.2013 година, ја платиле глобата во износ наведен во поканата за плаќање на глоба и тоа: за правното лице 2500 евра во денарска противвредност и за одговорното лице во правното лице 750 евра во денарска противвредност. Барањето за поведување на прекршочна постапка е поднесено на 22.05.2013 година, односно по исполнувањето на обврската, на кои околности има и тужбени наводи, кои според овој суд погрешно биле ценети од страна на Управниот суд.

По наоѓање на овој суд, при состојба кога тужителите ја исполниле обврската во целост пред поднесување на барањето за поведување на прекршочна постапка, се доведува под прашање основаноста на поведувањето и водењето на постапка од страна на тужениот орган.

.

**VI – УЖ-3 бр.256/2015**

Претседател на совет судија Виолета Илиевска

**Легитимираност на физичките лица кои го создале патентот, за поднесување пријава за упис на правото на патент. Физичките лица кое го создале патентот се активно легитимирани да поднесат пријава за упис на право на патент, а не нарачателот на проектот и правното лице каде во работен однос е создадено делото. Ова од причина што авторските имотни права, се разликуваат од авторските морални права од каде произлегува и правото на авторот да биде признат и означен како творец на делото. Од друга страна иако бил пронајдокот произведен, постоеле студии и елаборати, истиот бил достапен само на ограничен број на лица кои непосредно биле вклучени од фазата на изготвување на проектот, реализација и вградување, па оттаму не може**

**да стане збор дека пронајдокот бил познат за поширока јавност повеќе од шест месеци пред да се поднесе пријава за признавање на правото на патент. (член 14 од Закон за индустриска сопственост).**

Имено, постапката е започната со поднесок од заинтересирано лице од 03.08.1999 година насловен како предлог за огласување ништовно решение за упис за признавање право на патент „армирано бетонски преднапрегнат праг“, а кое решение било донесено 06 месец 1996 година. Ова постапка е водена пред управните органи и пред тогаш надлежниот Врховен суд на Република Македонија, а како основ за на кој се повикува предлагачот во предлогот за ништовност, е изготвен наод и мислење од страна на Биро за судски вештачења.

Во повторна постапка, Државниот завод за заштита на индустриска сопственост како надлежен првостепен орган по одржана јавна расправа, донел Решение од 03.03.2005 година, со кое го одбил како неоснован предлогот на сега заинтересираното лице за ништовност на Решение за упис 06.1996 година за признавање право на патент „армирано бетонски преднапрегнат праг“. Ова решение, органот го донел откако утврдил дека официјално примопредавање на опремата за производство на сега тужителот била извршена 29.09.1995 година, со што бил завршен периодот на пробна работа. Претходно постоела обврска да се контролираат добиените податоци од извршените испитувања на прагот, односно да се контролираат добиените податоци од извршените испитувања на усвоената марка на бетон, како и да да се испитаат техничките перформанси при пробното вградување на прагот. Од друга страна, според органот дадените нацрти по кои се спроведувало пробното производство претставувале деловна тајна и тие не смееле да се даваат на друг, како и без знаење и одобрение од пронајдувачите (носители на патент) АД Карпош требало да се воздржи од неовластено производство. Незадоволен од ова решение, предлагачот поднел жалба по која Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донела решение со кое жалбата е одбиена како неоснована.

Заинтересираното лице поднесе тужба до Управниот суд оспорувајќи ја законитоста на второстепеното решение поради суштествени повреди на одредбите на постапката, нецелосно и неправилно утврдена фактичката состојба и неправилна примена на материјалното право. Управниот суд со пресуда тужбата на тужителот ја одби како неоснована.

Вишиот управен суд најде дека Одлуката на Управниот суд е законита.

Во членот 14 од Законот за индустриска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 42/1993), е предвидено дека пронајдокот е нов ако

пред поднесувањето на барањето за пријава на патентот, не бил опфатен со состојбата во техниката. Се смета дека пронајдокот е опфатен со состојбата во техниката : 1) ако е направен достапен на јавноста со објавување, излагање, прикажување или со употреба на начин кој на стручњаците им овозможува да го применуваат пронајдокот и 2) ако суштествено не се разликува од пронајдоците што порано се пријавени или што пред поднесувањето на пријавата и биле достапни на јавноста, освен од пронајдоците за кои пријавата е повлечена пред објавувањето на решението со кое се признава патентот. При оценувањето дали пријавениот пронајдок е нов не влијае фактот што пронајдокот, во периодот од најмногу шест месеци пред денот на поднесувањето на пријавата на патент и станал достапен на јавноста без согласност од пронајдувачот. За судот, е неприфатлив основот на кој се заснова предлогот за ништовност имајќи ја во предвид содржината на членот 74 од Законот за индустриска сопственост каде е предвидено дека за доказ од член 73 на овој закон се смета еден од следните документи: 1) признат патент за идентичен пронајдок кој по извршено детално испитување го признал некој државен или меѓународен патентен завод, кој според член 32 од Конвенцијата за соработка на подрачјето на патенти има статус на меѓународна институција за претходно испитување или друг патентен завод со кој е склучен соодветен договор; 2) стручен извештај за испитување на новината во пронајдокот кој го издала некоја институција која, според член 16 од Конвенцијата за соработка на подрачјето на патентите, има статус на меѓународна институција за собирање на податоци, или друг патентен завод со кој е склучена соодветна спогодба.

**VII - УЖ-3 бр.626/2015**

судија Загорка Тноковска

**Постапката за утврдување на данок на имот**

1.**Во постапката за утврдување данок на имот, се применува Законот за даноците на имот и Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ број 50/05, 40/10, 46/10 и 183/11). Ова од причина што при утврдувањето на данокот на имот, како основа се зема пазарната вредност на зградите, земјиштата и другите градежни објекти и се утврдува во пресметковни бодови по м2 функционална површина за згради и други градежни објекти и по м2 површина за земјишта во зависност од видот на имотот и според основни и дополнителни елементи содржани во оваа Методологија и во обрасците кои се нејзин составен дел**.

Согласно член 3 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ број 61/04, 92/07,102/08 и 53/11), данок на имот се плаќа за недвижен имот освен за оној имот кој е ослободен од плаќање на данок според овој закон. Согласно член 4 став 1 од истиот закон, обврзник на

данокот на имот е правно и физичко лице сопственик на имотот. Согласно став 5 од истиот член,обврзник на данок на имот е и правно и физичко лице-корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината. Согласно член 5 став 1 од истиот закон, основа за данок на имот преставува пазарната вредност на недвижниот имот. Согласно став 2 од истиот член, за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје формираат комисија. Согласно став 3 од истиот член, пазарната вредност од ставот 1 на овој член се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Согласно став 4 од истиот член, Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот од ставот 3 на овој член ја пропишува Владата на република Македонија, на предлог на министерот за финансии.

Согласно член 3 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот („Службен весник на Република Македонија“ број 50/05, 40/10, 46/10 и 183/11), пазарната вредност на зградите, земјиштата и другите градежни објекти се утврдува во пресметковни бодови по м2 функционална површина за згради и други градежни објекти и по м2 површина за земјишта во зависност од видот на имотот и според основни и дополнителни елементи содржани во оваа методологија и во обрасците кои се нејзин составен дел. Согласно член 5 став 3 од Методологијата, збирот на пресметковните бодови за секој од основните елементи ја преставува градежната вредност на која се пресметува амортизација и тоа до 10 години старост на објектот 0%, а над 10 години по 0,5% годишно, а најмногу до 30% од градежната вредност. Согласно член 17-а став 2 од Методологијата, во случаи кога градежните објекти се поставени на земјиште сопственост на Република Македонија, за овие градежни објекти не се пресметува макролокација. Согласно член 12 став 3 од методологијата, при утврдување на пазарната вреднодт на градежното земјиште се зема предвид местоположбата на земјиштето (микро и макролокацијата), планираното односно утврдено право на градење и степенот на уреденост.

Во конкретниов случај постапката во однос на утврдувањето на даночната основа за данок на промет на недвижности, е спроведена согласно Законот за даноците на имот. Во Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот јасно е наведено на кој начин се утврдува пазарната вредност на недвижниот имот. Имајќи го во предвид Извештајот за проценка на пазарната вредност бр.13-13/36597 од 09.08.2013 година, а врз основа на приложен Имотен лист и со примена на пропишан Образец на елементи за проценка на административни згради и административни простории(канцеларии) на деловни простории и дуќани, на деловни згради, на помошни објекти и на градежно земјиште пропишани со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, се утврдила пазарната вредност на недвижен имот на тужителот и тоа за неаграрно земјиште во површина од 8.946 м2 ја утврдила пазарната вредност во износ од 90.587.196,00 денари. За деловна зграда - нова зграда со сутерен, со вкупна површина од 7.615 м2 во износ од 76.787.626,86 денари, за административни простории - нова зграда на приземје и кат со површина од 764 м2, во износ од 13.392.237,68 денари, за административни простории-нова зграда на приземје

и кат со вкупна површина од 296 м2, во износ од 3.537.435,75 денари, за помошни објекти со површина од 241 м2, во износ од 1.831.003,45 денари, за деловна зграда - стара со приземје и кат со вкупна површина од 4.358 м2, во износ од 32.471.159,49 денари и за градежно земјиште со површина од 8.946 м2, во износ од 90.587.196,00 денари.

Вишиот управен суд најде дека фактичката состојба е правилно утврдена. Ова од причина што при оданочувањето како предмет на оданочување е земена пазарната вредност на недвижниот имот врз основа на Извештајот за процена на пазарна вредност на недвижност, со кој е извршено утврдување на вредноста на градежното земјиште кое се наоѓало во X зона во површина од 8.946 м2. Овластениот проценител проценката ја вршел со увид на лице место и врз основа на Поседовен лист број 386 за КО Битола, Имотен лист број 712 за КО Битола како и Имотен лист број 50153 за КО Битола 5, врз основа на кои утврдил дека тужителот е сопственик на предходно наведените недвишности и има право на користење на градежно земјиште. При проценката во предвид била земена и катноста на објектот, видно од елементите за проценка на деловни згради пресметал амортизација на објектот во висина од 30% имајќи предвид дека истиот е граден во 1943 година и дополнително на даночната основица за објектот извршил и даночно намалување за 10% од причина што зградата била напуштена и не била во употреба. За новата деловна зграда, деловниот простор и административната зграда изградени во 1970 година, пресметана е амортизација во висина од 16,5% за помошниот објект изграден во 1966 година пресметана е амортизација во висина од 18,5%. исто така за градежното земјиште пресметани се бодови за микро и макро локацијата, а утврдени се и бодови за степенот на уредност на градежното земјиште (односно за непосредна близина до главната сообраќајница, електрична мрежа, водоводна мрежа, канализациона мрежа и ПТТ инсталации). Со оглед на тоа што е утврдено дека истото се наоѓа на непристапен терен намалена е даночната основица за 30%. Со членот член 5 од Законот за данок на имот, јасно е утврдено дека основа за данок на имот преставува пазарната вредност на недвижниот имот, дека за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, Советот на општината, Советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје формираат комисија. Согласно став 3 од истиот член, пазарната вредност од ставот 1 на овој член се утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, што во случајот тоа е направено.

Овој суд при одлучувањето ја имаше во предвид законската регулатива за начинот на утврдување на пазарната вредност на предметната недвижност врз основа на Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, врз основа на што е пресметан и данокот на имот.

**VIII – УЖ-3 бр. 543/2015**

судија Мирјана Василевска

основ: Јавна набавка

1. Била поведена постапката за доделување на договор за јавна набавка на договорниот орган кој објавил Оглас за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка за набавка на работи – Градежни работи за изградба на објект, со приложена тендерска документација по претходно утврден критериум за избор на најповолна понуда, а тоа е најниска цена. Од понудувачите биле побарани 3% гаранција на понудата и 10% гаранција за квалитетно извршување на договорот како и изјава за независна понуда. До крајниот рок за пристигнување понуди пристигнале 4 понуди и по извршеното отварање Комисијата составила во кој било констатирано дека пристигнатите понуди се некомплетни. Побарано е дополнување на документацијата. При повторна проверка констатирано е дека три од поднесените понуди помеѓу кои и на жалителот биле неприфатливи и отфрлени и не биле земени во предвид при понатамошната евалуација. Единствено понудата на еден економски оператор била комплетна и со тоа прифатлива поради што бил поканет да поднесе конечна цена за што Комисијата со Извештај од спроведена постапка и доставила предлог за избор на најповолна понуда кој бил прифатен и донесена е Одлука за избор на најповолна понуда.

2. Против одлуката е поднесена жалба која со Решението на Државна комисија за жалби по јавни набавки е уважена, а Одлука за избор на најповолна понуда донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка за набавка на работи – Градежни работи за изградба на објект ја поништила од причина што нашла по службена должност дека има повреда на постапката согласно член 210 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки бидејќи договорниот орган во тендерската документација дозволил економските оператори да имаат поддршка во исполнување на наведените услови односно минимум три реализирани договори за изградба на објекти од прва или втора категорија – високоградба во последните 5 години од листата со вкупна нето површина од минимум 20.000 м2 и минимум три потврди за за квалитетно и навремено извршени работи на градби издадени од страна на поранешни инвеститори за доставените договори, без притоа да има предвид дека техничката или професионалната способност не може да биде подржана во делот на претходно склучените договори од страна на подржувачот. Исто така повреда на постапката се констатира и во делот каде Комисијата констатирала дека понудувачот тужителот не ги исполнува условите од тендерската документација, но не побарала да ја дополни доставената документација, како што е сторено со другите понудувачи. На таков начин поради сторени повреди на постапката Државна комисија за жалби по јавни набавки го донела оспореното Решение.

Во конкретниов случај Управниот суд во својата одлука нашол дека тужениот орган во оспореното решение правилно нашол дека во конкретниот случај има повреда на постапката согласно член 210 став 1 точка 3 од Законот за јавни набавки vо тендерската документација и повреда на постапката во делот каде Комисијата констатирала дека понудувачот тужителот не ги исполнува условите од тендерската документација, но не побарала да ја дополни доставената документација, како што е сторено со другите понудувачи. Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 3 став 1 точка 16, 18 и 24 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11,24/12, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14 и 43/14), понудувач е секој економски оператор кој поднел понуда. Понудата е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договор за јавна набавка. Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите. Согласно член 140 став 2 од истиот закон, кај отворената постапка комисијата пред да пристапи кон евалуација на понудите ја проверува комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на понудувачите. Согласно член 154 став 1 од истиот закон техничката и професионалната способност на економскиот оператор можат да бидат подржани од друг субјект без оглед на правните врски меѓу економскиот оператор и тој субјект. Согласно член 142 став 8 од истиот закон економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка. Согласно член 161 став 1 од истиот закон, ако критериум за доделување на договорот е економски најповолна понуда, најповолна понуда е онаа што ќе добие најголем број бодови од различните елементи кои носат соодветен број на максимални бодови. Согласно член 162 став 1 од истиот закон, договорниот орган ја избира најповолната понуда, за што донесува одлука врз основа на критериумот за доделување на договорот утврден во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација, ако понудувачот чија понуда е најповолна ги исполнува пропишаните критериуми за утврдување на способност. Согласно член 210 став 1 точка 5 од истиот закон, битни повреди на законот во постапка за доделување на договор за јавна набавка се ако тендерската документација на постапката за доделување на договор за јавна набавка не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција и ако се сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и е извршен избор на неприфатлива понуда.

Вишиот управен суд најде дека обжалената пресуда е правилна и законита на Управниот суд. Тужениот орган правилно го применил Законот за јавни набавки и одредбата од членовите 210 став 1.